**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-62/2**
**Скопје,08.05.2025 година.**

Записник од дваесет и петта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 08.05.2025 година

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Марјана Илиеска -член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева -член
г-дин Љупчо Коцевски - член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Кети Петкова -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ -член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на дваесет и петтата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори дваесет и петата седница на Советот и воедно предложи дневниот ред да биде дополнет со уште две точки и тоа:

- Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево и
- Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово, по што дневниот ред би гласел:

1. Усвојување на записниците од 22-ра, 23-та и 24-та седница на Советот
2. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар
3. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје

4. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево
5. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово
6. Разно

Вака предложениот дополнет дневен ред од страна на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од 22-та, 23-та и 24-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот за избор на јавен обвинител во ОЈО Гостивар се имаат пријавено двајца кандидати Лавдрим Сефери и Арсим Адеми. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатите. За кандидатот Арсим Адеми кажа дека е кандидат од петтата генерација на кандидати со завршена АСЈО и поранешен јавен обвинител во ОЈО Гостивар, а во моментот работи како адвокат. Додаде дека овој кандидат се има пријавено и на огласот за избор на јавен обвинител во ОЈО Скопје, ОЈО Тетово и ОЈО Кичево. За кандидатот Лавдрим Сефери кажа дека во моментот е адвокат, а од 2013-2017 година бил судија во Основниот суд Гостивар, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски за кандидатот Арсим Адеми кажа дека има завршено обука за судии и јавни обвинители, дека работел како јавен обвинител во ОЈО Гостивар и дека имало против него доставени претставки и поплаки. Истакна дека во текот на минатата година од страна на координаторите за тоа подрачје бил извршен надзор на работата на јавниот обвинител по што било утврдено дека по одредени предмети постапувал неправилно и незаконито, дека станувало збор за поголем број на предмети и лично бил на мислење да му се поднесе предлог за поведување на дисциплинска постапка, но дека истиот во меѓувреме поднел барање за престанок на функцијата јавен обвинител. Кажа дека за овој кандидат нема да гласа. Во однос на кандидатот Лавдрим Сефери кажа дека го познава бидејќи истиот бил судија во Основниот суд во Гостивар, дека дал оставка и сега работи како адвокат. Додаде дека кандидатот има завршено обука за судии и јавни обвинители и дека за овој кандидат ќе гласа воздржано. Смета дека Советот треба да се сконцетрира на кандидатите од осмата генерација со завршена обука за судии и јавни обвинители и тие кандидати треба да бидат избрани за јавни обвинители, а потоа согласно потребите да се избираат и кандидати од постарите генерации кои ја имаат завршено почетната обука за судии и јавни обвинители.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека нема да дискутира за нуту еден од кандидатите од причина што се знае зошто бил распишан огласот за избор на јавни обвинители. Кажа дека огласот бил распишан поради обврска која што ја имал Советот со дадената проекција која била доставена до АСЈО, а со цел да се изберат кандидати кои биле дадени во проекцијата. Советот распишал оглас за сите места кои биле

испразнети, а кои можело да се пополнат со преостанатите 19 кандидати, а се со цел да се исполни агендата која Советот ја доставил до АСЈО. Нагласи дека во исто време и Судскиот совет распишал оглас за избор на судии, а кој бил спротивно на доставената проекција од страна на ССРСМ до АСЈО и наместо за едно место бил распишан оглас за 19 места кои места биле предвидени за јавни обвинители. Кажа дека ниту еден од пријавените кандидати не е од 8та генерација со завршена обука за судии и јавни обвинители и дека ќе гласа против двата кандидата.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека наводите искажани од страна на републичкиот јавен обвинител за кандидатот Арсим Адеми се точни, но за кандидатот Лавдрим Сефери кажа дека ќе гласа од причина што согласно уставот сите кандидати се исти и рамноправни и дека никаде не стои од која генерација на завршени академци треба да биде кандидатот. Кандидатот ги исполнувал условите и смета дека самиот факт дека Судскиот совет ги земал кандидатите кои биле предвидени за јавни обвинители, Советот доколку не го гласа кандидатот го прекршува Уставот.

Г-дин Ардиан Демири кажа дека како член на Комисијата која го спроведувала интервјуто со кандидатот Лавдрим Сефери и познавајќи го лично од професионален аспект додека ја извршувал функција - судија во ОС Гостивар, смета дека станува збор за лице со оформен интегритет, стручен и смета дека јавното обвинителство во Гостивар, како и државното јавно обвинителство би имале бенифит од неговиот избор за јавен обвинител. Додаде дека јавните обвинителства имаат недостаток од јавни обвинители и дека со неговиот избор во ОЈО Гостивар, државното јавно обвинителство би имало на располагање повеќе можности и кадри за распоредување и упатување на јавни обвинители таму каде што ќе има потреба од јавно обвинителски кадар. Наведе дека од 8-та генерација нема веќе кандидати и дека ќе го подржи кандидатот и ќе гласа за негов избор во ОЈО Гостивар.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ се согласи со дискусијата на колешката Кети Петкова и кажа дека Советот овој оглас го има објавено за кандидатите од 8-та генерација со завршена АСЈО. Огласот бил распишан за повеќе Основни јавни обвинителства со цел да се мотивираат кандидатите и да имаат повеќе опции за избор, за да има поголем одзив со оглед дека во ист временски период и Судскиот совет распишал оглас за избор на судии за повеќе судски места надвор од нивната проекција. На став е дека во моментот треба да се избираат само кандидатите од 8-та генерација. Наведе доколку постои потреба во другите јавни обвинителства, а се однесува на јавни обвинителства каде недостасуваат или нема ниту еден јавен обвинител, Советот ќе распише оглас и тогаш би можело да се избираат кандидати кои не се од 8-та генерација со завршена АСЈО.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар

Кандидатот Лавдрим Сефери доби 3 гласа ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Арим Адеми доби 0 гласа ЗА и 10 гласа ПРОТИВ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија констатира дека ниту еден од кандидатите не го доби потребниот број на гласови за да биде избран за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар.**

Под точката три од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека на огласот за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје се имаат јавено четири кандидата. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатите. За кандидатот Зоран Маркоски кажа дека ја извршува функцијата јавен обвинител во ОЈО Куманово и е кандидат од 2-та генерација со завршена почетна обука од АСЈО, кандидатот Лидија Ѓурчиновска Мичевска е кандидат од 8-та генерација со завршена почетна обука во АСЈО, била стручен соработник во ЈОРСМ, кандидатот Роберт Митевски кандидат од 8-та генерација со завршена обука за судии и јавни овинители, избран за судија во ОС Скопје и кандидатот Арсим Адеми адвокат и поранешен јавен обвинител во ОЈО Гостивар. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека кандидатот Лидија Ѓурчиновска Мичевска ја познава лично бидејќи работела во ЈОРСМ како стручен соработник, смета дека заслужува за да биде избрана за јавен обвинител во ОЈО Скопје и дека ќе гласа за овој кандидат, а за останатите кандидати ќе се изјасни при самото гласање.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски во однос на кандидатот Зоран Марковски, кажа дека има добиено допис од ОЈО на ОЈО Куманово, каде стои дека состојбата е критична и дека бара делегирање на јавен обвинител и дека еден јавен обвинител е ангажиран во истрагата во ОЈО Кочани. Воедно истакна дека се наметнува проблемот и со ОЈО Крива Паланка каде што подолг временски период нема јавен обвинител и постојано се упатува јавен обвинител од ОЈО Куманово. Кандидатот Роберт Митевска кажа дека е избран за судија во ОС Скопје, за кандидатот Арсим Адеми веќе се знае и останува само кандидатот Лидија Ѓурчиновска Мичевска за кој кандидат ќе го даде својот глас.

Г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека објавениот оглас од страна на Советот бил за кандидатите од 8-та генерација на АСЈО, меѓу кои е и кандидатката Лидија Ѓурчиновска Мичевска. Кажа дека како член на Комисијата која го водела интервјуто со кандидатите, за овој кандидат има позитивно мислење и ќе гласа за овој кандидат. Во однос на кандидатот Зоран Марковски и ставот кој го изнел Јавниот обвинител на РСМ, смета дека треба да продолжи да ја извршува функцијата јавен обвинител во ОЈО Куманово.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека од пријавените кандидати со завршена обука за судии и јавни обвинители од 8-та генерација, се Лидија Ѓурчиновска Мичевска и Роберт Митевски, па со оглед дека кандидатот Роберт Митевски е избран за судија останува само кандидатот Лидија Ѓурчиновска Мичевска. Воедно даде позитивно мислење за кандидатката и кажа дека ќе го даде својот глас за овој кандидат.

Откако никој не зема збор се премина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Скопје.

Кандидатот Зоран Маркоски доби 0 гласа ЗА и 10 гласа ПРОТИВ, кандидатот Арсим Адеми доби 0 гласа ЗА и 10 гласа ПРОТИВ, кандидатот Роберт Митевски доби 0 гласа ЗА и 9 гласа ПРОТИВ и еден глас ВОИЗДРЖАН, кандидатот Лидија Ѓурчиновска Мичевска доби 10 гласа ЗА.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Лидија Ѓурчиновска Мичевска за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје ќе ја извршува од 12.05.2025 година.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека на огласот за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кичево се има пријавено еден кандидат Арсим Адеми. Кажа дека на членовите на Советот познати се податоците за овој кандидат и откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Кичево.

Кандидатот Арсим Адеми доби доби 0 гласа ЗА, 10 гласа ПРОТИВ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија констатира дека кандидатот не го доби потребниот број на гласови за да биде избран за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кичево.**

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека на огласот за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово се има пријавено еден кандидат Арсим Адеми и откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Тетово.

Кандидатот Арсим Адеми доби доби 0 гласа ЗА, 10 гласа ПРОТИВ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија констатира дека кандидатот не го доби потребниот број на гласови за да биде избран за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово.**

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека во однос на објавениот оглас за избор на 19 јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ, освен за јавните обвинителства во Скопје, Тетово, Кичево и Гостивар, на објавениот оглас не е пријавен ниту еден кандидат. Тоа значи дека за објавените огласи за ОЈО Битола, Велес, Кочани, Куманово, Крива Паланка, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Струга, Струмица и Штип се немаат пријавено кандидати и со тоа овој оглас е завршен.

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот на јавните обвинители на РСМ има потпишано меморандум за соработка со Судскиот совет на РСМ на ден 25.09.2023 година, дека е доставен на разгледување на членовите на Советот и како можна најава со оглед на постапката на Судскиот совет и непочитувањето на проекциите усвоени со одлука на УО на АСЈО, и објавените огласи за избор на судии и јавни обвинители кои огласи веќе се спровеле, каде кандидатите требало да се јават на огласот на Советот на јавните обвинители на РСМ. Смета дека се нарушени принципите на соработка кои се децидно наведени во меморандумот за соработка и како еден вид на најава за можно раскинување на овој меморандум за соработка е доставен до членовите на разгледување и предложи на наредна седница на Советот да се отвори дискусија, па доколку мнозинството на членови на Советот смета дека треба да се раскине меморандумот за соработка, ќе се пристапи кон истото.

Под истата точка од дневниот ред г-ѓа Марјана Илиеска како координатор за подрачјето на ВЈО Скопје, искажа забелешка во однос на еден јавен обвинител во ОЈО Скопје, кој што нередовно доставува месечни извештаи за својата работа, а исто така има голем број на претставки поднесени до Советот. Смета дека оваа состојба треба да се провери и доколку претставките се основани да се иницира постапка за поведување на дисциплинска постапка за негова одговорност.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека писмено ќе биде известен Јавниот обвинител на РСМ за оваа состојба и да се изврши вонреден надзор за работата на јавниот обвинител.

Откако никој не зема збор под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи дваесет и петтата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**